ГЕВГЕЛИЈА

**ОПШТИНА ГЕВГЕЛИЈА**
**MUNICIPALITY OF GEVGELIJA**

Врз основа на член 20-г од Законот за вработените во јавниот сектор („Службен весник на Република Македонија бр.27/14, 199/14, 27/16, 35/18 и 198/18 и „Службен весник на èрепублика Северна Македонија“ бр.143/19 и 14/20), член 11 од Законот за пожарникарството („Службен весник на Република Македонија„ бр.67/04, 81/07, 55/13, 158/14, 193/15 и 39/16 и „Службен весник на Република Севберна Македонија“ бр.152/19) и член 22 од Законот за работните односи („Службен весник на Република Македонија“ 62/05, 106/08, 161/08, 114/09, 130/09, 149/09, 50/10, 52/10, 124/10, 47/11, 11/12, 39/12, 13/13, 25/13, 170/13, 187/13, 113/14, 20/15, 33/15, 72/15, 129/15, 27/16 и 120/18 и „Сслужбен весник на Република Северна Македонија“ бр.110/19), Градоначалникот на Општина Гевгелија објавува:

# ЈАВЕН ОГЛАС БРОЈ 03/2020

**за вработување на неопределено работно време на 2 ( две ) овластени службени лица во областа на безбедноста во ТППЕ Гевгелија**

Општина Гевгелија има потреба од вработување на неопределено работно време на 2 (две) овластени службени лица во областа на безбедноста за следните работни места:

**1.Пожарникар спасител - извршител,** реден број 88, ниво – В3, шифра - ПОЖ 0210 В03 000, број на извршители -1 (еден);

**општи услови:**

-кандидатот да е државјанин на Република Македонија,
-да е полнолетен,
-да има општа здравствена способност за работното место,
-со правосилна судска пресуда да не му е изречена казна забрана на вршење на професија, дејност или должност и
- активно да го користи македонскиот јазик;

**општи работни компетенции на основно ниво:**

-учење и развој;
-комуникација;
-остварување резултати;
-работење со други/тимска работа;
-ориентираност кон засегнати страни.

(проверка на општите и посебните работни компетенции ќе биде извршена во фазата на интервју)

**работни задачи и обврски:**

-учествува во гасење на пожари и други несреќи;
-учествува во отстранување на непосредна опасност од настанување на пожари;
-учествува

**посебни услови:**

-стручни квалификации: ниво на квалификациите IV според Македонската рамка на квалификации и стекнати 180 или 240 кредити според ЕЦВЕТ или МКСОО или најмалку више или средно образование;

-работно искуство: 1 година работно искуство во струката евидентирано во Агенцијата за вработување на Република Македонија како работен стаж;

**други посебни услови:**

-положен возачки испит „Ц“ или „Д“ категорија;

-сертификат за стекната квалификација пожарникар (вработениот во ТППЕ има обврска во рок од една година од денот на вработувањето да се стекне со сертификат за стекната квалификација пожарникар, издаден од институција овластена од Министерството за образование и наука, во спротивно му престанува вработувањето).

**распоред на работно време:**
-дневно работно време – работа во две смени, од 07:00 – 19:00 часот и од 19:00 – 07:00 часот, 40 часовно - неделно работно време;
-паричен нето износ на плата 16.500,00 денари;

**Напомена:** Согласно годишниот план за вработување за 2020 година, вработувањето е предвидено за Македонец(ка).

---

**1.Пожарникар спасител,** реден број 89, ниво – В04, шифра - ПОЖ 0210 В04 000, број на извршители -1 (еден);

**општи услови:**
-кандидатот да е државјанин на Република Македонија,
-да е полнолетен,
-да има општа здравствена способност за работното место,
-со правосилна судска пресуда да не му е изречена казна забрана на вршење на професија, дејност или должност и
- активно да го користи македонскиот јазик;

**општи работни компетенции на основно ниво:**
-учење и развој;
-комуникација;
-остварување резултати;
-работење со други/тимска работа;
-ориентираност кон засегнати страни.
(проверка на општите и посебните работни компетенции ќе биде извршена во фазата на интервју)

**работни задачи и обврски:**
-непосредно учествува во акции за гасење пожари,
-учествува во акции за спасување луѓе и материјални добра и отстранување последици настанати од елементарни непогоди и други состојби,
-работи на стручно усовршување и физичка подготвеност,
-врши занаетчиски и други работи за потребите на Територијалната ПП единица на општина Гевгелија,
-се грижи за исправноста на личната и колективната опрема.

**посебни услови:**
-стручни квалификации: ниво на квалификациите IV според Македонската рамка на квалификации и стекнати 180 или 240 кредити според ЕЦВЕТ или МКСОО или најмалку вишо или средно образование;
-работно искуство: со или без работно искуство во струката евидентирано во Агенцијата за вработување на Република Македонија како работен стаж;
**други посебни услови:**